Дневни биттени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден дневните настани 08.10.2022

Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи – Единица за недозволена трговија со дрога, во координација и заедничка повеќеменесна полициска истрага со СВР Охрид и поддршка од Одделот за суздивање на организиран и сериозен криминал, во соработка со полициски службеници од ОВР Кичево во 2022 година во попладневните часови на влез во Кичево го пајмија од слобода А.М.(39) од Охрид, откако претходно на Охрид бил лишен неговиот брат А.И. (30), кај кого при прегледа и претрес во дом биле пронајдени 20 пакувања кокаин и 15 пакувања хероин. Имено, во рамки на спроведената криминалистичка истрага во периодот од јули до октомври 2022, во координација со ОЈО Охрид – Единицата за недозволена трговија со дрога обезбеди материјални докази дека двете лица подолг временски период биле инволвирани во продажба на наркотична дрога на лица на подрачјето на Охрид и Струга, со цел постоен основ на сомнение дека стоките кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", казниво по член 215 од Кривичниот законик. Во текот на акцијата бил извршен претрес и во домот на лицето А.М. на ул.„Гоце Делчев" во Охрид, каде бине пронајдени предмети и докази за извршеното кривично дело, а по преземени мерки и активности лицето е пронајдено, приведено и спроведено во СВР Охрид, при кое е утврдено дека лицето веќе издржува казна затвор во КПУ Струга за претходно извршено кривично дело повразано со продажба на дрога, во која згра го вклучил и неговиот брат. До ОЈО Охрид во текот на денот против двете лица ќе бидо поднесена кривична пријава по бруа поставка.

На 07.10.2022 околу 19.20 часот на подрачјето на Гази Баба од страна на полициски службеници од Отсекот за потрага по цел - Одделение за потрагу при Секторот за меѓународна полициска соработка, во координација со полициски службеници од ОСПО-САЕ Тигар, по преземени мерки и активности, беше лишен од слобода А.А.(33) од Скопје. За него била распишана централна потерница од КПУ Затвор Идризово со која се барал за дондржување на затворска казна во времетраење од 2 години 7 месеци и 26 дена за створени кривични дела по чл.215 ст.1 и чл. 383 ст.2 од Кривичниот законик, како и два централни расписи поради основи на сомнение за створени кривични дела по чл.130 и чл.235 од Кривичниот законик. Лицето беше спроведено во КПУ Затвор Идризово за дондржување на затворската казна.

На 07/08.10.2022 полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога при СВР Скопје, Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје и Одделението за имотни делитки и малолетничка деликвенција при Единицата за внатрешни работи на Центар и Бит Пазар извршиле контрола на угостителски објект на подрачјето на Центар, при што лишиле од слобода бине 12 лица: Ф.С.(21), Б.Л.(22) двајцата од Скопје и Д.Ч. (43) од Р.Турција, затоа што кај нив била пронајдена марихуана, Г.Н.(41), Н.Г.(32), Д.С. (27), П.К.(24), Х.В.(38), А.К.(37) и Д.С.(23), сите од Скопје и И.Г.(42) од Бетонска, затоа што кај нив бил пронајден и одземен кокаин и Т.Т.(25) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана и амфетамин. По документираше на случајот против ним ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.10.2022 околу 07.00 часот, од полициски службеници од СВР Штип и Одделот за криминалистичка полиција – Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи бил лишен од слобода С.М.(41) во с.Бетинци, штипско. При претрес извршен во неговиот дом во с.Ебелиќа, по претходна наредба од Основен суд Штип, во споредни простории бине пронајдени: една пушка – двоцевка, една пушка карабин „крам" 8x57, еден револвер, 34 боеви куршуми и 12 патрони. Предметите биле одземени, С.М. бил приведен во СВР Штип. По целосно документирање на случајот ќе следи поднесок во врска со кривично дело по чл.396 од Кривичниот законик, за „недозволено изработување, држење и трговење со оружје или распрскувачки материи".

Денеска (08.10.2022) во 01.20 часот во с.Батинци, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Р.(24) од Скопје. Тој се барал по централна потерница од Основното јавно обвинителство Скопје поради постоење основи на сомнение за створено кривично дело по чл.258 став 2 и чл.22 од Кривичниот законик. Б.Р. бил задржан во Полициската станица Драчево за понатамошна постапка.

На 07.10.2022 во 23.00 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Л.Б.(18) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.10.2022 околу 21.40 часот во Струмица полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица го лишиле од слобода М.Ш.(34) од Струмица, кај кого при прегледа пронашле марихуана. Лицето било задржано во Полициската станица Струмица, за случајот бил запознаен Јавен обвинителот од Основното јавно обвинителство Струмица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (08.10.2022) во 06.15 часот на ул.„Тодор Чангов" полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.С.(48) од Скопје. За него била распишана централна потерница, поради постоење основи на сомнение за створено кривично дело по чл.139 и чл.140 од Кривичниот законик. Лицето е задржано во Полициската станица Аеродром за понатамошна постапка.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (07.10.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 211 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 13 санкции, 16 мерки за возење без возачка дозвола, 25 санкции за прекршоци што ги прават пешаците, седум мерки за возење под дејство на алкохол. Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, 12 санкции за технички неисправни возила во јавниот превоз, 12 мерки за зградени неатестирани фолии (затемнети стакла), осум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло).

На 07.10.2022 во 14.20 часот бил приведено дека на локалниот пат с.Ржаничино -с.Тавор се случила сообраќајна несреќа помеѓу товарно возило „мерседес", управувано од М.А. (44) од с.Стојановци, скопско и патничко возило „фолксваген голф", управувано од З.Ф.(24) од с.Визбегово, скопско, двете се скопски регистрациски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил малолетен сопатник од возилото „фолксваген голф", а двајцата возачи се здобиле со телесни повреди, констатирани во Комплексен клинички „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св. Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Денеска (08.10.2022) во периодот од 04.00 до 08.00 часот од страна на секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за унифорирана полиција, спроведена е акциска контрола во областа на сообраќајот на територијата на цела држава. При контролата, санкционирани се 17 возачи, од кои на територијата на СВР Струмица поради несоодветна документација за возилата привремено одземени се еден автобус и едно товарно моторно возило.

На 07.10.2022 во 15.40 часот било пријавено дека на регионалниот пат на место викано Пудавница, атар на с.Турско Рудари, пробиштипско, тракторот "ИМТ 539" без регистрациски таблички, управуван од С.П.(48) од с.Злетово, излетал надвор од пат. По несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на тракторот, а со телесни повреди се здобил малолетен сопатник, констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од Полициската станица Пробиштин.

По текот на вчерашниот ден (07.10.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 127 возачи. Од нив 10 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволената, а едно возило се движело со брзина над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 61 возач ја пречекорил брзината во населено место, а 66 надвор од населено место.

На 07.10.2022 во 10.45 часот било пријавено дека на регионалниот пат Пробиштин-с.Крупиште, патничко возило „питроен ц4", со кумановски регистрациски ознаки, управувано од С.Д.(32) од Куманово, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 07.10.2022 во периодот од 09.00 до 14.00 часот Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на прекршоци што ги прават пешаците. При контролата, санкционирани се 205 пешаци, од кои 189 за небезбедно преминување на улиц надвор од пешачки премини... На 46 пешаци издадени им се покани за постапување на сообраќајна пауза. За време на контролата регистрани се и 88 останати прекршоци.

На 07.10.2022 во 13.25 часот било пријавено дека во Тетово на ул.„Илинденска" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „мазда", управувано од И.О.(61) од Тетово и скутер „априлија", управуван од С.А.(22) од с.Бребреница, тетовско, двете со тетовски регистрациски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на скутерот, констатирани во Клиничката болница во Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 07.10.2022 во 11.40 часот во ОВР Кичево, А.А.(48) од кичевското село Колибари пријави дека на кејот на река Сушица во Кичево била каснат од куче скитник.

На 07.10.2022 во 13.00 часот полициски службеници од СВР Охрид - Одделение за недозволена трговија со дрога го лишиле од слобода М.Н.(57) од Охрид. При негов преглед на улицата „Пере Тошев" во Охрид, бил пронајден и одземен хероин. Тој е приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 07.10.2022 во 13.55 часот Ф.А.(69) од Струмица пријавил дека во Струмица, по претходна расправија, бил физички нападнат од неговиот сосед О.Н. од Струмица. Се работи на расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против Ѓ.Л.(40) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за створено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 03.06.2022 во Свети Николе, полициски службеници извршиле претрес во станот во кој престојувал приведеното и биле пронајдени и одземени марихуана, амбиваленти и дигитална вага.

На 07.10.2022 во 16.30 часот на подрачјето на Шутро Оризари од полициски службеници од СВР Скопје биле лишени од слобода А.Б.(25) и И.Б.(60), двајцата од Скопје, постапувајќи по пријава на Е.М.(30) од Скопје кога околу 16.00 часот, на подрачјето на Шутро Оризари, по претходна меѓусоседска расправија, бил физички нападнат од тврд предмет од А.Б., а И.Б. со остар предмет оштетила играчка на неговите деца. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.10.2022 во 20.20 часот Б.Б.(62) од Скопје пријавил дека околу 18.00 часот во населбата Маџир Маало бил физички нападнат од едно лице со тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.10.2022 во периодот од 09.00 до 14.00 часот, при извршени сообраќајни контроли на подрачјето на СВР Охрид, полициските службеници затекнале и санкционирале шест пешаци кои надвор од обележан пешачки премин небезбедно преминале коловоз или минувалиште (Охрид-02, Струга-03, Дебар-01). Во Кичево, полициските службеници евидентирале осум возачи кои на непрегледни места, каде престинувањето е забрането, извршиле небезбедно престинување на другите возила. На возачите им се издадени соодветни платни налози.

Денеска (08.10.2022) околу 13.40 часот во с.Новоселани се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел астра", управувано од В.Р.(18) с.Заполжани, кој го напуштил местото, но набрзо бил пронајден и приведен, и мотоцикл „шинерија", управуван 14-годишник од истото село, и двете со пилепски регистрациски ознаки. Од здобијените повреди на местото на несреќата починал мотоциклистот. Лекар констатирал смрт, а увид извршила увидна екипа од ОВР Прилеп.

На 07.10.2022 во 20.30 часот Д.Е.(41) од Скопје, пријавил дека на паркинг простор во трговски центар на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија, бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.10.2022 во 15.45 часот во ВОР Скопје од Комплексен клинички „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив бил донесен од теоши телесни повреди Ј.М.(45) од Р.Турција, со престој во РСМ. Според пријавеното тој со повредите се здобил при извршување на градежни работи на објект на подрачјето на Центар. Од страна на полициски службеници од СВР Скопје било излезено на лице место и известен бил трудов инспектор.

На 07.10.2022 во 14.30 часот од полициски службеници од Полициската станица Кавадарци на ул.„Киро Крстев" во Кавадарци бил лишен од слобода Г.Д.(48) од Кавадарци, поради тоа што околу 14.00 часот му управувал закажан со остар предмет на Б.Б.(41) од Кавадарци. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.10.2022 во 16.00 часот Д.И.(40) од Скопје пријавил дека околу 10.00 часот во дворот на основно училиште на подрачјето на Бит Пазар, неговата малолетна ќерка била физички нападната од друга ученичка. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.10.2022 во 20.15 часот С.Д.(67) од Скопје пријавил дека на 06.10.2022 околу 23.00 часот во угостителски објект во населбата Илинден, по претходна расправија, бил физички нападнат од Г.Н.. Се работи на расчистување на случајот.

На 08.10.2022 во 03.05 часот во с.Драгоманце, кумановско, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода М.Р.(20) од истото село, поради тоа што околу 02.00 часот физички нападнал полициски службеник кои извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.10.2022 во 16.00 часот, Б.Б.(44) од Гостивар пријавила дека во Гостивар била физички нападната од нејзинката сосетка З.Ш.. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.10.2022 во 14.00 часот С.К.(48) од с.Тајмиште пријавила дека во с.Тајмиште Д.О. (41) од истото село физички го нападнал нејзиниот малолетен син. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против В.С.(75) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за створено кривично дело „недозволено изработување, држење, посредување и трговање со оружје или распрскувачки материи". Приведеното, неовластено набавил и држел во своја дом малокалибарска пушка „оброзова борно" модел 2, калибар 22 ЛР, пиштол „пиетро берета" калибар 7,65 мм, пиштол „арена застава" калибар 7,65 мм, пиштол „валтер" калибар 9мм и 329 куршуми различен калибар, кои биле пронајдени при претрес.

На 07.10.2022 во 23.45 часот во ОВР Кичево е приведено дека преф зграда на ул.„Горче Петров" во Кичево бил нарушен јавниот ред и мир со физички напад извршен од Д.Д., Д.Д., Д.Ѓ. и А.Д. врз Б.Г., со кого се познавале од претходно. Според пријавеното, малку подоцна напаѓачите со дрвени предмети влегле во стан во зградата, сопственост на Г.Т., каде во моментот биле Б.Ѓ. и неговата невенчана сопруга К.А., ги нападнале и оштетиле дел од мебелот. Во координацијата со Јавен обвинителот извршен е увид од екипа на ОВР Кичево. По расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.10.2022 во 13.00 часот Б.К.(45) од с.Дебреше пријавил дека во куќа сопственост на Ѓ.К.(74) од с.Дебреше од засекатан куршум було оштетено стакло од прозорец. Повредени лица нема, а полициски службеници од ОВР Тетово извршиле увид. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.10.2022 во 17.45 часот било пријавено дека во аптека во населбата Хром, едно лице со закана од вработените одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.10.2022 во 02.57 часот било пријавено дека на ул.„Славка Димкова" настанал пожар на патничко возило „опел астра", со скопски регистрациски ознаки, сопственост на Г.К.(50) од Скопје. Од страна на сопственикот пожарот бил изгаснат. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против Р.К.(32) од Струга, поради постоење основи на сомнение за створено кривично дело „непостапување поради здравствените прописи за време на епидемија". На 24.01.2022, полициски службеници извршиле контрола, по не го пронашле приведеното во својот дом и покрај тоа што имал решение за изолација од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Сајт изработен и одржуван од ВЕБ-ПОРТАЛ ВЕБ-ПОРТАЛ
Сајтот ужива и злоупотребува на веб страницата на ВВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (02) 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouna: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од ТЕЛ